**Место за растење:**
**Општини посветени на децата**

# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

На 25 октомври се одржа Меѓународната конференција „Креирај го твоето место за растење“.

Водечки експерти, креатори на политики и застапници од Европа кои се посветени на децата и кои имаат долгогодишно искуство во локалното планирање за децата заедно со локални власти, академици, граѓански организации, млади и деца од земјава беа главните говорници на Меѓународната конференција.

Оваа конференција имаше за цел да промовира инклузивни и поддржувачки средини за децата, овозможувајќи увид до знаењето, искуствата и најдобрите практики во спроведувањето иницијативи насочени кон децата низ Европа.

Настанот се одржа во хотел ,,Холидеј Ин" од 09:30 до 14:00 часот. Видео преносот од конференцијата може да го проследите на следниот линк.




## ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА

Младите и децата имаа носечка улога на оваа конференција,и се појавија како модератори, водители и говорници на настанот, а сите присутни млади и деца заедно со претставниците на локалните власти од Кисела Вода, Виница, Гостивар, Велес и Дебар, училиштата и граѓанскиот сектор, заеднички учествуваа во практична работилница за креирање на нивната визија “општина пријател на децата“.

Конференцијата беше отворена со поздравен говор од страна на претставничката на Делегацијата на ЕУ и Директорката на КМОП Скопје.

Во првиот дел како панелисти се обратија *претставничката на УНИЦЕФ во Македонија, претседателот на ПДАС Меѓаши, Советникот за образование од општина Кисела вода, Градоначалникот на општина Виница, професорка од Филозофски факултет, Институт за социјална работа и социјална политика* а во името на младите говореше *средношколец и волонтер во ПДАС Меѓаши.*

Место за растење:
Општини посветени
на децата

## УЧЕЊЕ ОД ИСКУСТВО ОД ЕУ

Клучната сесија на конференција вклучуваше презентирање на студии на случај од неколку држави од ЕУ. Стручните лица и претставничките на *УНИЦЕФ Грција, општина Катерини од Грција, УНИЦЕФ Австрија, од институцијата за Семеен и кариерен менаџмент од Виена, од општина Крефелд од Германија*, кои имаат практично искуство во локалното планирање за децата, зборуваа за иницијативата на УНИЦЕФ за пријателски градови за децата (Child-friendly Cities Initiative) во нивните земји.



## ПРИМЕНА НА НАУЧЕНОТО ИСКУСТВО

Оваа конференција претставуваше уникатна и несекојдневна можност да се слушне и научи од искуствата и практиките на водечки локални самоуправи од Европската Унија кои се посветени на децата, а воедно и да се споделат визиите, предизвиците и можностите на општините од државата во насока на промовирање, остварување и заштита на правата на децата во Македонија.

Конференцијата беше платформа за инспирирање на општините во нивните заложби за креирање локални заедници во кои децата ќе живеат здрави, сигурни, среќни и поддржувани.

Проектот е финансиран
од Европската Унија